Верица СТАМЕНКОВА - ТРАЈКОВА
Дијана БЕЛЕВСКА
Иван ТРАЈКОВ

# ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА КАЈ МЛАДИТЕ

## *1. Адолесценцијата како период со зголемен ризик за појава на болести на зависности кај младите*

Адолесценцијата е доба што мора многу длабоко да се проучува бидејќи во неа се наоѓаат причините за „прифаќање" или „неприфаќање" на животот.

Во адолесценцијата животот е во полна сила и затоа нескротливите сили на младоста можат да го уништат. Силината на животот е неговата најголема опасност. Изгледа дека во таа доба животот и смртта се најблиски. **Најризичен адолесцент е оној што на животот му се посветува со страста што во себе носи либидо на храброста.**

За да се докаже пред себе и пред другите, адолесцентот бара околу себе можности да направи нешто особено важно (единствено), дрско, бидејќи одвнатре е предизвикан да ја дразни судбината. Понекогаш автоагресијата е само потреба да се стивне силината на животот. Според тоа, автодеструктивните тенденции, како што е и уживањето на дрога не се по правило насочени против самиот живот туку се последица на неговата младешка сила. Најилустративно тоа го покажуваат зборовите на еден млад пациент, ученик, наркоман, стар 17 години.

> ... мајко моја, зошто ми недостига храброст во животот, зошто ме мачи овој живот, зошто таа бесмисленост во мене, зошто ми недостига волја за живот, морав ли со хашишот, со тоа лажно проклетство, да се измамам себеси, и да станам она што сум сега пред вас...
> ...докторе, не можам повеќе, верувајте ми, се чувствувам заморно, душевно сум многу потиштен, апатичен, незаинтересиран за себе и за мојот живот, прекапнат сум, сакам да побегнам од овој живот и од овој свет

што ме опкружуваше зошто мислев дека постои нешто
подобро од овој свет, мислев дека тоа го знам и само
јас можам да го разберам, бидејќи сум го доживеал тоа,
но видов дека грешев.

Овие зборови се забележени во една психијатриска ординација во доцните вечерни часови. Ова е, за жал, судбина на наркоманите.

Адолесцентот е збунет од она што се случува во самиот него и од она што се случува околу него. Адолесценцијата е рекапитулација на раното и на средното детство. Адолесцентот се наоѓа во меѓупросторот на желбите „да порасне“ и да „не порасне“.

Како да излезе неоштетен или со помалку повреди во овој период на животот? Тој проба никотин, алкохол, дрога, го мачат сексуални проблеми и илјада желби, но го очекуваат и многубројни пречки пред нивното реализирање. Тоа значи дека адолесценцијата сама по себе не е проблем - во прашање се развојни кризи, нормални за развојот на поединецот, но во тој процес младиот човек го демнат и многу скриени пречки од чие успешно или неуспешно разрешување зависи дали адолесцентот ќе влезе во зрелата доба како зрела и здрава личност или ќе понесе многу лузни што се многу длабоки, што не може ни цел еден живот (кој е најмалку трипати подолг) да ги излечи.

Во претходното излагање се обидовме накратко да ја истакнеме ранливоста на периодот од животот наречен адолесценција - младост.

Тоа го наметнува прашањето на факторите кои адолесценцијата ја прават толку ризична, како период во кој почнуваат или веќе во најрана форма се манифестираат однесувања што го загрозуваат не само безбедното однесување туку и животот на адолесцентот.

## *2. Фактори што придонесуваат за појава на ризични однесувања и на зависност кај адолесцентите*

Зголемената појава на уживање на некое од познатите средства на зависност во адолесценцијата во однос на сите други животни периоди е и причина што и прашањата за факторите на ризик во адолесценцијата се предмет на повеќе истражувања.

Првичното сознание на истражувачите е дека однесувањата што носат ризик се дел на процесот на растење – како:

– ризик носи задоволувањето на потребата на адолесцентот да прекине со разни забрани во детството и да почне да се занимава со активности карактеристични за возрасните, со цел што е можно повеќе да им се приближат на возрасните, да покаже и докаже дека е возрасен;

– следниот фактор на ризик се состои во обидите на младиот да испроба различни улоги, што се неопходни за формирање на неговиот идентитет, а кои можат да носат ризик од идентификација со негативен објект (другар наркоман, татко наркоман, емоционално ладна мајка);

– ризик е и сè уште непотполната интелектуална развиеност, недоволната социјална зрелост, недоволно формираната вредносна матрица. Кога на ова ќе се додадат денес сè почестите стресогени фактори во околината, тогаш лесно можат да се предвидат и причините за полесното посегање по средствата на зависност што моментално ќе им ја направат „поподнослива" суровата стварност;

– ризик е високо нагласената желба да ја докажат независноста и слободата за самостојно одлучување, правејќи го токму она што родителите им го забрануваат;

– љубопитноста, карактеристична за оваа фаза на развојот, исто така, може да биде фактор на ризик. Таа произлегува од желбата да испробаат нешто скриено, непознато, опасно и забрането;

– депресивноста и желбата за автодеструкција е уште еден фактор на ризик;

– влијанието на желбата на младиот да биде возрасен, храбар, да биде прифатен од групата врсници што се веќе пробатори или уживатели на дрога;

– следниот фактор на ризик е лесната достапност на дрогата до младите;

– секако многу важен фактор на ризик на кој не смееме да заборавиме е слабоста на структурата на идентитетот кај некои млади, што е и едно од објаснувањата зошто при слични услови на фактори на ризик некои млади стануваат пробатори или зависници, а други не. Слабото „јас" кај првите не успева да ги задржи напорите и одрекува-

њата и не го поднесува одлагањето на задоволувањето. Знаејќи дека во градењето на личноста на адолесцентот е најзначајна улогата на семејството, ќе констатираме дека кругот се затвора од каде што почна: ризични развојни фази - ризик во семејството - ризично однесување на адолесцентот.

### *3. Адолесцентна наркоманија*

Наркоманијата меѓу младите е наречена адолесцентна наркоманија, според неколку карактеристики:

- се шири со невидена брзина и зафаќа голем број млади;
- остава катастрофални последици врз личноста, врз потесната заедница и врз општеството во целина;
- тесно е поврзана со криминалот;
- ги зафаќа и развиените и неразвиените земји;

Во САД 48% од учениците во средните училишта користат некоја од забранетите droги, 14% пушат марихуана, а 100 од 1000 ученици активно уживаат исклучиво јаки дроги. Постои мислење меѓу учениците дека не е ризик пробаторството на „тешки дроги". Во Западна Европа наркоманијата се шири со невидена брзина особено по 80 - тите години, а државите се судираат со разни проблеми во нејзиното сузбивање. На втората министерска конференција во Стразбур во 1994 год. се изнесени податоци за уживателите на дроги: Австрија 22 646, Италија 150 000; Германија 70 000 – 100 000; Полска 20 000 – 40 000; Норвешка 4 000 – 5 000; Швајцарија 25 000 – 30 000; Словенија 1 000 – 3 000; Хрватска 4 500. За жал и кај нас помина времето кога наркоманијата меѓу младите претставуваше појава далечна и неприсутна во нашето општество. Веќе по 70-тите години Република Македонија се судри со почетни проблеми поради масовното зголемување на употребата на дрога меѓу младите пред сè поради откривањето на нивниот поинаков, „подобар" свет под влијание на западната култура. Младинската субкултура на 70-тите години доведе до уживање дрога од најрани години. Наркоманијата на младите во 70-тите години се оценуваше како идеологија на протест, на отпор на младите спрема општеството т.е. на еманципаторски чекор. Во 80-тите години стана стил и додаток на разни субкултурни движења. На крајот на 80-тите

години и на почетокот на 90-тите, младите уживатели на дрога веќе не бараат подобро разбирање на светот, не бараат патишта како да ја подобрат средината, туку настојуваат да ја заборават. Кај младите денес преовладува филозофијата „no future", што е и најпогубно. Последните години порасна недозволената трговија со droги и се рашири уживањето на дрога. Можеби во последните години клучна улога одигра економската и социјалната криза, уривањето на традиционалните вредности, ерозијата на моралот, што е присутна во сите земји во транзиција.

Во однос на 1993 год. во 1995 год. бројот на уживатели се зголеми за трипати. Уживањето на дрога повлекува и престапно поведение кај младите, поради што во последните години се во пораст и кражбите, насилничките однесувања и убиствата што често ги вршат малолетници, од кои значителен број се уживатели на дрога и чиј основен мотив е да дојдат до потребните средства за набавка на дрога. Некои од уживателите и сами одгледуваат дрога во своите градини. Желбата да се стане зависен од дрога е став на младиот, кој е општествено условен, таа е одраз на ставот на личноста кон сопствените и кон општествените проблеми. Така, може да се заклучи дека наркоманијата претставува социо-патолошка појава чии причини се во општествено-економските односи во семејството и во карактеристиките на личноста.

### *4. Развој и карактеристики на адолесцентната наркоманија*

Употребата на дрога се движи по долеопишаниот развоен пат:
– од едноставно испробување;
– експериментирање;
– љубопитност;
– употреба за забава;
– па сè до зависност.

Многу млади ќе пробаат дрога од љубопитство и на тоа ќе запрат. Тоа не е проблем на зависност. Сепак, постојат и некои фактори што му олеснуваат на поединецот да продолжи со употребата на droги и по оваа фаза на пробаторство. Тоа се:

– животот надвор од семејството;
– отсуство на родителска контрола;
– растурено семејство;
– лошите семејни односи;
– миграција село - град;
– оддалеченоста од членовите на семејството;
– рано експериментирање со droги;
– раниот прекин на школувањето.

Причините во секој поединечен случај се различни и многубројни. Тешко дека кој било од наведените фактори ќе го наведе младиот на сериозна употреба на дрога. Поради тоа на овие општи фактори треба да се додадат и следните:

– изразена склоност кон однесување што носи ризик во адолесценцијата;
– притисок на врсниците;
– присуство на блиско лице што е веќе жртва на зависност;
– ниското самопочитување;
– конфликтната животна ситуација;
– проблеми во самата личност, во карактерните особини;
– неспособноста да ги задоволува своите потреби на општествено прифатлив начин.

За да се сфати современата адолесцентна наркоманија треба да се согледаат индивидуалните фактори на личноста, особено мотивите што го натерале младиот човек да проба, да продолжи и да стане зависник од дрога.

### *5. Личноста на наркоманот и мотивите на адолесцентната наркоманија*

За појавата и развојот на наркоманијата кај некои млади, погодност создаваат и развојните кризи, а особено кризата на идентитетот. Ако се следат карактеристиките на наркоманот пред да стане зависен од дрогата, кај него може да се констатираат определени проблеми во самата личност, во карактерните особини, во социјалните односи и во неспособноста да се интегрира во општеството, да ги

остварува и да ги задоволува своите потреби на општествено прифатлив начин.

Тој се покажува како: несигурна личност, напнат, преплашен, без верба во иднината, не трпи авторитети, не го гледа своето место во светот, не верува во светот што делува врз него застрашувачки. Тој не се доживува себеси како единствена целина и често пати се прашува „кој сум јас", не наоѓајќи одговор. Тоа е сигнал за неговото слабо „јас", кое не можело да поднесе ни најмал напор, одрекување или одлагање на задоволството што го постигнува со дрогата. Во суштина осамен, несреќен и неспособен да се спротивстави на барањата на надворешниот свет, во дрогата наоѓа извор на својата сигурност и задоволство без напор, како и пасивно постигнување на самопочитувањето кое најмногу му недостасува, преку остварувањето на чувството на моќ. Дрогата сите тие проблеми ги разрешува краткотрајно. Тој се буди уште понесреќен, поосамен, понесигурен и затоа настојува повторно да се врати во „царството на блаженството". Кај него е нагласена незрелоста на карактерот, недостигот од животна смисла, желбата да се побегне од стварноста, малата толеранција на фрустрациите. Овие црти на карактерот се формираат под влијание на внатрешните механизми на личноста, но и под влијание на потесната средина, семејството и односите во семејството, на отсуството на хумани амбиции, на тешкотиите во идентификацијата со родителот и во непронаоѓањето здрава мотивација за живот и за активност.

Мотивите за пробување и за уживање на droги варираат со возраста. Така, адолесцентите меѓу 15 и 19 години земаат дрога за да се создаде во хетеросексуалната група клима на невоздржана реализација на сексуалните нагони. Во постарата возрасна група меѓу 19 и 22 години, адолесцентите ги наведуваат следниве мотиви:

– потребата за релаксација;

– растоварување од фрустрации;

– откривање нови димензии на својата личност.

Наркоманите постари од 22 години истакнуваат дека земаат дрога за да се исклучат од реалноста, а често и за да можат да доживеат реализации на мистични екстази.

Како затаен мотив се наведува и бунтовноста на младите. Дрогата го симболизира општествено моментното табу, а кршењето

на тоа табу го доживуваат како загрозување на авторитетот на старата генерација. Емоционалната и општествената незрелост на адолесцентот и неговото непознавање на самиот себеси ќе помогне за потребата да се провери себеси и да ги изнајде своите вредности.

### *6. Последици од уживањето на дрогата*

Многу млади ќе останат на првиот степен од претходно опишаниот пат на употреба на дрога, односно ќе пробаат дрога и сосема повремено ќе ја користат. Меѓутоа, дури и краткотрајната употреба, која не води во зависност, носи големи ризици - психички, соматско-невролошки и социјални. Употребата на дрогата ја оштетува можноста за успешно функционирање во секојдневните активности, создава тешкотии во учењето и во помнењето, а можни се и инфекции од нечиста дрога или предозирање, што може да го загрози здравјето и да доведе до смрт. Високата цена на дрогата и другите финансиски тешкотии околу нејзината набавка водат често до криминал и до деликвентно однесување. Психолошката и физиолошката зависност што се создава при употребата на повеќе дроги, доведува до многу посериозни здравствени, социјални и финансиски проблеми. Притоа, стигматизацијата од средината го тера наркоманот да се приклучиво исклучиво на својата група.

### *7. Програми за превенција од злоупотребата на droги*

Превенцијата од злоупотребата на средства на зависност е различна како и во другите подрачја и овде таа се спроведува како примарна, секундарна и како терцијална активност. Во програмските активности во рамките на примарната превенција, постојат цела низа стратегии што можат да се применат. Тие мора да бидат заеднички и на пошироко општествено ниво, особено на ниво да најодговорните сегменти за социјализација на децата и на младите: семејството и училиштето и сите оние агенси што доаѓаат во контакт со децата и со младите.

Програмата за превенцијата на младите, како група најчувствителна на негативните влијанија, мора да има максималистички цели за да се остварат неопходните услови за развој на психофизички

здрава зрела личност, личност што ќе постигне позитивна позиција со својата средина, а притоа ќе ја задржи својата посебност и единственост. Остварувањето на оваа цел, пред сѐ, бара широки општествени активности на примарно-превентивен план.

Прво и основно е постоењето на ***превентивна програма*** на ниво на држава во која ќе бидат предвидени организирани и координирани општествени активности што имаат за цел:

- обезбедување услови за здрав развој на децата и на младите во семејството и во општеството;
- обезбедување на стручни служби при училиштето и при установите за социјална заштита и превентивно делување во смисла на спречување на појавата на нарушено однесување кај младите;
- рано откривање на децата и младите со ризик и соработка со државните и со другите институции за воспитание и образование, за социјална заштита како и со правосудните органи, центрите за социјална работа, со училиштата и со семејствата на тие деца и млади;
- дополнување на наставната програма на факултетите за едукација на наставници со предметот ментална хигиена што би ги квалификувало за рано откривање на пречките во структурирањето на личноста, развојните пречки кај младите и секако за рано препознавање на ризичните однесувања кај младите;
- планирање активности за организиран живот на младите во рамките на локалната заедница, рана детекција на децата и младите под ризик што живеат во неповолни семејни услови, на деца и млади што покажуваат први знаци на тешкотии во приспособувањето, слаб успех во училиштето и први знаци на некое од реакционите нарушувања;
- на локално ниво е потребно планирање на активностите на секундарната и на терцијалната превенција на децата со нарушено поведение при што ќе се обезбеди соработка со стручните тимови во училиштата и првенствено примарно-превентивен пристап во едукацијата на младите за заштита од социопатолошките појави (деликвенција, алкохолизам, нарко-

манија) преку индивидуален третман на секој ученик навреме да се откријат посебните потреби на детето, како што се емоционалните потреби што призлегуваат од различната психолошка, социјална, педагошка и економска структура во нивните семејства.

– помош на младите да изградат здрав став во однос на проблемот за кој се зборува (уживање на дрога, алкохол, никотин) притоа треба да се истакне потребата од внимателност во однос на заплашувањето - морализирањето на забраните од страна на авторитетот, потребата од зачувувањето на самопочитувањето.
– помош на младите за дефинирањето на сопствениот систем на вредности и на животни определби што во себе нема да вклучат зависничко однесување.

Одржувањето предавања од „катедра" и заплашувањето во однос на последиците можат да ја зголемат таинственоста и привлечноста на дрогата. Затоа се препорачува следното:

❋ информациите кои им се нудат да ги поттикнуваат на размислување и да формираат став во поглед на средството на зависност;
❋ многу покорисна од информацијата за последиците и за штетноста од дрогата е исцрпната и отворена дискусија за мотивите, за причините поради кои младите луѓе почнуваат да користат средство на зависност. Таквата дискусија може да му помогне на секој поединец да го извлече на површина потиснатото, да ги подели своите проблеми со другите, да почувствува дека и другите имаат слични тешкотии, па потоа да почне да размислува за алтернативните начини на разрешување на своите тешкотии, наместо да бега од реалноста и проблемите во краткорочно олеснување што го ветуваат средствата на зависност. Најмногу ветуваат оние стратегии што се движат во рамките на емоционално-афективниот домен на личноста. Тоа се на пример:
  – подигнувањето на самопочитувањето, за кое е емпириски докажано дека е во обратна корелација со почетното користење на дрогата;
  – градењето сопствен систем на вредности и модели на живеење што го исклучуваат потпирањето на средствата на

зависност, увежбувањето за донесување одлука и за решавање на проблемот;
- создавање социјални вештини на однесување и контактирање со другите;
- методот што ветува најмногу е оној што се базира на оспособувањето на личноста да се спротистави на притисокот од страна, со оглед дека е тој најчестата причина за започнување и за користење на средства на зависност по наговор на останатите, односно конформирањето со нормите на групата на која ѝ припаѓа лицето;
- емоционалната зрелост и стабилност се неопходен елемент за превенцијата од употребата на средствата на зависност;
- најдобра „вакцина“ против употребата на средства на зависност кај адолесцентот е поволното мислење за себеси и високото самопочитување;
- основен услов за успешност на примарната превенција е да се почне со неа најдоцна до крајот на осумгодишното училиште а подобро е и порано. По завршувањето на осумгодишното училиште, зачестеноста на употребата на дрога е толку висока што може да се размислува само за секундарна превенција односно за одвикнување, бидејќи е касно за примарна превенција.

**Програмски активности во рамките на секундарната и терцијалната превенција**

Секундарната превенција на младите зависници се реализира во специјални диспанзери и во клубови низ организирана медицинска, психолошка и социјална терапија и со примена на соодветни методи на работа.

Нивна цел е рана дијагноза, одвикнување од зависноста, рехабилитација, повторно враќање во средината и оспособување за живот во општеството. Во превенцијата на наркоманијата, во нашата држава се преземени сериозни активности за сузбивање на употребата на дрога.

За превентивни цели нашата Република изготви национална програма (стратегија) за сузбивање на употребата на дрога и илегалната трговија со droги. Оваа програма се базира на мултидисциплинарен и мултидимензионален методолошки пристап во применувањето искуства од другите земји. Во програмата се предвидени активности во врска со едукацијата на кадри - носители на превентивните активности. Покрај тоа, програмата содржи и конкретни мерки за сузбивање на наркоманијата и на илегалната трговија.

Најзначајните фактори вклучени во реализацијата на оваа програма и мерките предвидени со неа се училиштето, семејството и центрите за социјална работа.

Сепак, во рамките на програмата за превенција на училиштата им е наменета најважната улога бидејќи имаат огромно влијание при пренесувањето на моделите и стандардите за правилно однесување затоа што младите најголем дел од своето време го поминуваат токму во овие институции. Во таа смисла училиштата можат да учествуваат во превентивните програми не само со презентирање на прецизни и потребни информации, туку и преку развојно-поттикнувачки програми и доследна политика, со што ќе придонесат да се обесхрабри користењето и продавањето на овие средства.

Програмата за превентивна едукација на младите за дрогата и опасноста од нејзиното користење треба да содржи:

- развивање на способности за пронаоѓање и користење на начини со кои ќе се одолее на притисокот на врсниците;
- позитивна комуникација со возрасните особено со семејството;
- барање помош кога ќе имаат проблем;
- помагање на другите;
- прифаќање на индивидуалната и граѓанската одговорност.

Учениците треба да знаат:

- како да ја препознаат дрогата;
- дека користењето дрога е нелегално и штетно;
- дека заканите за санкционирање на продавачите и корисниците на дрога се за заштита на луѓето;

- што претставува зависност од дрога и нејзиното влијание врз конзументите и нивните семејства;
- како во промоцијата на употребувањето на дроги придонесуваат социјалните влијанија, рекламите во медиумите, притисокот на врсниците и семејното влијание;
- дека експериментирањето со дрога со себе носи огромен ризик;
- како делува дрогата врз различните делови од организмот и врз целиот организам кој е во развој.

Да претпоставиме дека повеќето млади не користат дрога. Според тоа, примарна цел на овој модел е да овозможи развивање на животен стил што ќе ги одврати младите од употребата на дрога.

**Неколку појдовни информации за наставниците**

За наставниците што работат со шесто или седмо одделение, важно е да го применуваат следното:

- да им помагаат на децата да развијат способности за обезбедување на здрав и продуктивен живот;
- да им помогнат на децата да утврдат ориентациони цели за иднината, коишто предвидуваат продолжување на образованието и прифаќањето на одговорноста за себе и за другите;
- да им помогнат на децата успешно да одолеат и да се спротистават на притисокот на врсниците;
- да им помогнат на децата во развивањето и градењето на пријателство што го поттикнува и поддржува индивидуалниот позитивен развој;
- да ги подучуваат децата за дрогата и да им помагаат да изградат конкретни ставови за да ѝ одолеат;
- да соработуваат со семејството и да ги советуваат родителите.

**Појдовни информации за родителите**

Често родителите се уверени дека нивните деца се премлади за да експериментираат со дрогата. Многу родители треба да се информираат да ја прифатат таа можност како реалност.

- родителите треба да знаат каде и со кого се дружи нивното дете;
- треба да се информираат за дрогата како и за показателите за нејзиното консумирање;

- треба да бидат информирани за превентивните програми за дрогата;
- треба да се поттикнуваат да им даваат слобода на своите деца;
- треба да се потсетуваат и од потребата за надзор на своите деца;
- треба да имаат добра и отворена комуникација со своите деца;
- треба да бидат свесни дека децата чии пријатели се корисници на дрога се во поголема и непосредна опасност и самите да почнат да ја употребуваат;
- треба да им помагаат на своите деца да одолеат на искушението на дрогата;

За обезбедување поголем ангажман на родителите во превенцијата од дроги треба да се преземат следниве активности:

- ➔ да се бара од учениците дома да ги презентираат информациите од училиштето;
- ➔ да се поттикне локалната родителско-училишна организација да изведува програми за родителите од областа на превенцијата од средствата на зависност.

За да им се помогне на родителите за тие да можат да им помогнат на своите деца, пожелно е училиштата да им испраќаат постојано информации за дрогата, да организираат семинари за родители, каде што стручно ќе ги подучуваат како да постапуваат со своите деца и како да разговараат со нив.

**Соработка со општествената заедница**

Заедницата целосно може да се вклучи во напорите за превенција, доколку сакаме позитивни и долгорочни ефекти од неа. Вклучувањето на заедницата бара утврдување на точно определени начини, на кои полицијата и здравствените и социјалните служби, планерите и другите општествени субјекти ќе можат да се поврзат со училиштата за да им помогнат на децата во борбата против наркоманијата. Заедницата може да се вклучи во напорите за превенција од дроги на следниот начин:

- преку иницирањето на постојани групи во заедницата кои ќе помагаат во превенцијата;
- да се обезбедат улиците и тротоарите околу училиштата;

- да се поттикнат медиумите во презентирање на позитивни содржини за учениците од оваа област;
- да се овозможи учениците да им помагаат на другите;
- обезбедување на информативни билтени за родителите;
- спроведување на закони и регулативи, донесени за заштита на децата.

Ќе заклучиме со следното: треба да имаме предвид дека оваа програма е само почеток на вистинска, превентивно-образовна концепција, а е изработена за да послужи како основа за понатамошна активност во училиштата.

Оваа програма треба да се спроведува секогаш кога за тоа има услови. Преплетувањето на пораките од програмата низ наставните планови, обезбедува силна поддршка неопходна за целисходно применување.

**Клучни зборови:** програма (психо-социјална), превенција, злоупотреба, дрога.

## Литература:


1. Алексиќ З. и Јојиќ (1971): „Личност и наркоманија и млади", Култура, Београд
2. Бергер Ј. (1971): „Индивидуално психолошки аспекти и адолесцентна наркоманија", Институт за алкохолизам и наркоманија, Београд
3. Влајковиќ Ј. (1992): „Животне кризе и њихово превазилажење", Нолит, Београд
4. Гудељ М. (1983): „Школска омладина, алкохол, духан, дрога", Стварност, Загреб
5. Dimoff & Carper S. (1992): „How to tell if your kids are using drugs", New York, s. 7-49
6. Јовев Ј. (1992): „Болести на зависност", Здружение на клубови за лекувани алкохоличари, Скопје
7. Магденовски И. (1996): „Родителите, децата и дрогата", Дипломски труд, Филозофски факултет, Скопје
8. Марковиќ П. (1995): „Адолесцентна криза", Белетра, Београд
9. Пепељуговска И. (1999): „Примарна превенција на пробаторството со droги и адолесцентната наркоманија", Дипломски труд, Филозофски факултет, Скопје
10. Трајкова - Стаменкова В. (1997): „Ментална хигиена", Студентски збор, Скопје

## RESUMME

Verica STAMENKOVA - TRAJKOVA
Dijana BELEVSKA
Ivan TRAJKOV

## PSYCHO-SOCIAL PROGRAMS FOR PREVENTION OF YOUTH DRUG ABUSE

Youth is extremely vulnerable period for appearance of risk behavior at representatives of this group.

The power of life and extreme curiosity to taste the forbidden draws young people in the “embrace” of the evil, abuse of substances. We are witnesses of daily increase of the nuber of abusers especially among the young population, and the age line is decreasing. The children in grade and high schols are at highest risk. Having this in mind early prevention is essential “as soon as posible”.

Appropriate prevention is the most appropriate practice.

The need wider prevention programs is the reason for preparing this abstact.